РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 02-457
27.12.2021 година
Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 5, член 20 став 1 алинеја 10[1] и член 43 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 36 став 1 и став 2 алинеја 1 и член 39 став 1 алинеи 1 и 5 од истиот Закон, согласно член 7 став 1 алинеја 8 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и член 51 став 3 алинеја 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно Заклучокот арх.бр.02-4602/13 од 24.12.2021 година, на 38-та седница, одржана на 24.12.2021 година, ја донесе следната:

## Одлука
**за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација по службена должност**

1. СЕ ПОВЕДУВА постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност, кај Трговското радиодифузно друштво (ТРД) СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, поради тоа што управителот на радиодифузерот, физичкото лице Владо Младеновски се јавува истовремено како прокурист со овластување "поединечна прокура без ограничување" на Друштвото за филм, маркетинг и издавачка дејност БОРБА ФИЛМ ДООЕЛ Скопје, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 59.11 – дејности на производство на филмови, видеофилмови и телевизиска програма, а имајќи предвид дека функцијата прокурист во едно трговско друштво е функција на управување, што е спротивно на член 39 став 1 алинеи 1 и 5 и член 36 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), како и поради постоење индиции за евентуално постоење недозволена медиумска концентрација и по основ на поврзаност преку член на семејството во смисла на член 36 став 1 и став 2 алинеја 1 од ЗААВМУ, што претставуваат основа Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) да поведе постапка за утврдување на недозволена медиумска концентрација по службена должност.

2. Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на оваа Одлука, до Агенцијата да достави писмена изјава заверена на нотар од лицето Владо Младеновски, дали е во роднинска врска со лицето Дејан Младеновски, односно дали е член на неговото семејство во смисла на член 3 точка 27 од ЗААВМУ, како и во истиот рок да ги достави сите податоци од значење за одлучувањето на Агенцијата.

3. Оваа Одлука е конечна.

---

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

## О б р а з л о ж е н и е

До Агенцијата ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје на 25.11.2021 година достави Известување за промена на сопственичката структура бр.03-65 од 25.11.2021 г. (наш Уп1 бр.02-431 од 25.11.2021 г.). Надлежниот сектор од стручната служба на Агенцијата, постапувајќи по доставеното цитирано Известување, а со цел да испита дали со промените во сопственичката структура на радиодифузерот се создава недозволена медиумска концентрација, на 30.11.2021 г., преку Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РСМ обезбеди Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – Тековна состојба, бр.0818-50/150020210469307 од 30.11.2021 г., при што констатираше дека управителот на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, физичкото лице Владо Младеновски, се јавува истовремено како прокурист на Друштвото за филм, маркетинг и издавачка дејност БОРБА ФИЛМ ДООЕЛ Скопје, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 59.11 – дејности на производство на филмови, видеофилмови и телевизиска програма, што е спротивно на член 39 став 1 алинеи 1 и 5 и член 36 став 1 од ЗААВМУ.

Со цел да се заштити медиумскиот плурализам, во ЗААВМУ се утврдени дејности кои се неспоиви со вршењето радиодифузна дејност, односно дејности со чие поврзување се создава недозволена медиумска концентрација. Како такви се определени дејностите на издавање печатен дневен весник, новинска агенција, реклама и пропаганда, истражување на пазарот и јавното мислење, дистрибуција на аудиовизуелни дела, филмска продукција и телекомуникациски услуги.

Согласно член 39 став 1 од ЗААВМУ „недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, постои кога физички или правни лица кои се основачи на радиодифузери, како и физички лица носители на функции на управување во радиодифузери се јавуваат истовремено како: поврзани лица во смисла на одредбите од овој Закон; основачи на други радиодифузери спротивно на одредбите од членот 37 ставови (1), (2), (3) и (4) од овој Закон; основачи на издавач на печатен медиум кој издава дневен весник што се дистрибуира на подрачјето на кое се емитува радио и/или телевизиската програма; основачи на новинска агенција и основачи на друштво за реклама и пропаганда, друштво за истражување на пазарот и јавното мислење, друштво за дистрибуција на аудиовизуелни дела, друштво за филмска продукција или оператор на електронски комуникациски мрежи кој обезбедува реемитување или емитување на радио/телевизиски програми."

Членот 36 од ЗААВМУ го проширува претходното и преку поврзани лица. Очигледно, за да спречи заобиколување на законски пропишаните ограничувања преку поврзани лица, законодавецот детално дефинирал кои лица се сметаат за поврзани лица, со тоа јасно давајќи на знаење дека тие се исклучително важни за заштита на плурализмот и разновидноста на аудиовизуелните содржини. Па така, во став 1 од овој член од ЗААВМУ е утврдено дека „поврзани лица, во смисла на овој Закон, се лицата кои се меѓусебно поврзани преку управување, капитал или на друг начин и кога тие поради таквата поврзаност можат да ја креираат деловната политика, односно да дејствуваат на координиран начин заради остварување на заеднички цели, или кога едно лице има можност да насочува или значајно да влијае врз друго лице при одлучувањето за финансирањето, деловното работење или при одлучување за програмскиот концепт на радиодифузер." Во став 2 од овој член од ЗААВМУ е утврдено дека „како поврзани лица од ставот (1) на овој член особено се сметаат: членовите на семејството, членовите на семејство на брачниот или вонбрачниот другар, лицата кои како иматели на вкупен удел во сопственоста, на акции или на други права во друго лице, учествуваат во управувањето на тоа лице со најмалку 25% од гласачките права, лицата кај кои едно исто лице има вкупен удел, акции или други права, врз основа на што учествува во управувањето во секое од тие лица со најмалку 25% од гласачките права, поврзаните друштва во смисла на Законот за трговските друштва, лицата кои со маркетинг или друг договор, во тримесечен или подолг период во една година остваруваат повеќе од 30% од приходи од рекламирање, телешопинг и спонзорство и лица кои се членови на управниот или надзорниот одбор во радиодифузерот и лицата кои се сметаат за поврзани со членовите на управниот или надзорниот одбор на начин утврден со овој член."

Согласно член 3 точка 43 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 71/06, 25/07, 87/08, 17/09, 23/09, 42/10, 48/10, 8/11, 21/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 217/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18, 195/18, 239/18, 79/20, 123/20 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20 и 215/21) „прокуристот е физичко лице овластено од трговецот да го управува неговото претпријатие за награда и притоа, да ги извршува сите дејствија и зделки што се врзани за вршење на дејноста на друштвото, а нема право да ги отуѓува и оптоварува недвижностите на трговецот, освен ако нема посебно овластување за тоа.“

Фактот дека лицето Владо Младеновски истовремено е управител на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје и прокурист со овластување "поединечна прокура без ограничување" на друштво кое е регистрирано за вршење на дејности на производство на филмови, видеофилмови и телевизиска програма, а имајќи предвид дека функцијата прокурист во едно трговско друштво е функција на управување, претставува основа за да се поведе постапка за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација во смисла на член 39 став 1 алинеи 1 и 5 и член 36 став 1 од ЗААВМУ.

Дополнително, надлежниот сектор во стручната служба на Агенцијата констатираше дека постојат индиции за евентуално постоење недозволена медиумска концентрација и по друг основ, односно поврзаност преку член на семејството (член 36 став 1 и став 2 алинеја 1 од ЗААВМУ). Имено, од Тековната состојба издадена од Централниот Регистар на РСМ бр.0805-50/150020210469762 од 30.11.2021 г., на Друштвото за филм, маркетинг и издавачка дејност БОРБА ФИЛМ ДООЕЛ Скопје, видно е дека сопственик (со 100% учество во основната главнина) и управител на овој правен субјект е физичкото лице Дејан Младеновски. Имајќи го предвид фактот дека сопственикот и управителот на Друштвото за филм, маркетинг и издавачка дејност БОРБА ФИЛМ ДООЕЛ Скопје - физичкото лице Дејан Младеновски и управителот на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје - физичкото лице Владо Младеновски имаат исто презиме, се создаваат индиции за роднинска поврзаност.

ЗААВМУ утврдува дека недозволена медиумска концентрација може да се создаде и преку поврзани лица. Според член 36 став 1 и став 2 алинеја 1 од ЗААВМУ, како поврзани лица особено се сметаат „членовите на семејството“, а согласно член 3 став 1 точка 27 од ЗААВМУ „Членови на семејство се брачниот и вонбрачниот другар, родители, деца, браќа и сестри, посвојувачи и посвоени деца, како и лица кои живеат во заедничко домаќинство“.

Доколку овие две физички лица, Владо Младеновски и Дејан Младеновски се членови на исто семејство во смисла на ЗААВМУ, тогаш тие поради таквата поврзаност заеднички можат да ја креираат деловната политика, односно да дејствуваат на координиран начин заради остварување на заеднички цели. Поради ова, се наметнува потребата од страна на Агенцијата да се преземат активности за да се обезбедат релевантни материјални докази за да може до крај да се испита евентуално постоење недозволена медиумска концентрација и по основ на поврзаност преку член на семејството во смисла на член 36 став 1 и став 2 алинеја 1 од ЗААВМУ.

Согласно член 43 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доколку Агенцијата врз основа на сопствени сознанија или врз основа на податоци добиени од заинтересирани лица има сознанија за евентуално постоење на недозволена медиумска концентрација, ќе ги испита таквите сознанија по службена должност без одлагање. При испитување на ваквите сознанија, Агенцијата ќе побара од радиодифузерот, во рок кој не може да биде пократок од 15 (петнаесет) дена и не подолг од 45 (четириесет и пет) дена, да ги достави сите податоци од значење за одлучување на Агенцијата.

Врз основа на наведеното, се одлучи да се поведе постапка, по службена должност, за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација кај ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, поради тоа што управителот на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, физичкото лице Владо Младеновски се јавува истовремено како прокурист со овластување "поединечна прокура без ограничување" на Друштвото за филм, маркетинг и издавачка дејност БОРБА ФИЛМ ДООЕЛ Скопје, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 59.11 – дејности на производство на филмови, видеофилмови и телевизиска програма, а имајќи предвид дека функцијата прокурист во едно трговско друштво е функција на управување, што е спротивно на член 39 став 1 алинеи 1 и 5 и член 36 став 1 од ЗААВМУ, како и поради постоење индиции за евентуално постоење недозволена медиумска концентрација и по основ на поврзаност преку член на семејството во смисла на член 36 став 1 и став 2 алинеја 1 од ЗААВМУ, што претставуваат основа Агенцијата да поведе постапка за утврдување на недозволена медиумска концентрација по службена должност. ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на оваа Одлука, до Агенцијата да достави писмена

изјава заверена на нотар од лицето Владо Младеновски, дали е во роднинска врска со лицето Дејан Младеновски, односно дали е член на неговото семејството во смисла на член 3 точка 27 од ЗААВМУ, како и во истиот рок да ги достави сите податоци од значење за одлучувањето на Агенцијата.

Врз основа на погоренаведеното, се донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**Доставено до:**
- ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права;
- Сектор за правни работи и јавни набавки и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.